# Северина праќа топли поздрави од Дубаи

**ОБЕДИНЕТИ АРАПСКИ ЕМИРАТИ-** Откако со двегодишниот син Александар уживаше во родниот Сплит, хрватската поп-ѕвезда Северина Вучковиќ ги спакува куферите и замина за топлите краишта.Таа на Инстаграм објави разгледница од крстосување. Како и секоја година, Севе 2015 ја започна на скијање. Во почетокот на јануари, со нејзиниот син уживаше во популарниот зимски центар Насфилд во Австрија.



Одморот за пејачката сé уште трае, но во овие зимски денови таа замина на топло. На фотографијата, на која 42-годишната пејачка позира во фустан на Стела Макартни, стои кратка порака "Поздрав од Дубаи".

ТРИТЕ ЛЕГЕНДАРНИ ДАМИ НА МАКЕДОНСКАТА ПОП-МУЗИКА НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# Зорица, Верица и Даниела со награда за животно дело



Фото: Д. Перковски

*Верица, Зорица и Даниела направија кам-бек преклани, на фестивалот "Охрид фест", со новата песна "Песната е ангелот"*

Зорица Поп-Панкова, Верица Ристевска и Даниела Панчетовиќ ќе ја добијат наградата "Златна бубамара на популарноста" за животно дело, на 19 февруари, во Универзалната сала.

"Златна бубамара на популарноста", токму за прославата на полнолетството, за 18. издание, ги избра трите дами, кои испеаја многу евергрини, за најпрестижната награда.

"Овој убав и свечен миг ќе нé одведе во носталгичен музички времеплов од среќните и безгрижни 70-ти години, кога трите диви, и заедно и со соло-кариера, ги пееја големите хитови на македонската забавна музика. Дел од нив се ´Диско-пар´, ´Има еден галеб тажен´,´Ми подаваш рака´, ´Ти си песна што ќе трае´. Македонија ги има најпрестижната награда во регионот и најзабавното шоу, кое се памти и се прераскажува со години", велат од радио "Бубамара", организаторот на манифестацијата.

"Оваа година шоуто ќе се одржи со препорака за вистинскиот лек: насмевка и здрава храна. Затоа, да ги следиме препораките и да не мрсиме многу, многу", додаваат од "Бубамара". Осумнаесеттото издание ќе се одржи под мотото "Смеете да се смеете". Водител ќе биде Сашко Коцев.

Верица, Зорица и Даниела направија кам-бек преклани, на фестивалот "Охрид фест", со новата песна "Песната е ангелот", која за нив ја напиша хитмјекерот Григор Копров. Текстот, инспириран од животот на славната "Македонија" во која членуваат трите пејачки, го напиша Миодраг Врчаковски.

**(М.Ц.)**